Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 57-1770/7
26.02.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 февруари 2026 година, дава

## РЕШЕНИЕ
за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Етнокореологија" на Музичка академија при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Етнокореологија" на Музичка академија при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација бр.08-77/11 од 5.9.2025 година, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип, достави барање бр. 0809-652/1 од 15.9.2025 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-654/1 од 16.9.2025 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Етнокореологија" на Музичка академија при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-654/2 од 22.9.2025 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на 30.9.2025 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-654/3 од 1.10.2025 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Етнокореологија" на Музичка академија, при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21, 58/24 и 124/25).

По донесувањето на Решението за акредитација на студиската програма од трет циклус на студии по „Етнокореологија", на Музичка академија при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип, било констатирано дека е направена ненамерна техничка грешка во називот на двата правни прописи наведени во точка 1 од диспозитивот и во третиот став во образложението на Решението. Имено, наместо повикување на „Уредба за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност *(„Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11)", треба да стои повикување на „Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност *(„Службен весник на Република


| | |
|---|---|
| Институција | Влада на Република Северна Македонија |
| Датум/Време | 24.02.2026 19:28 |
| Верификација | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=ca21d35f-4437-46f5-baa9-9c5766161a8a&materialId=e46d8e07-09ee-437b-9c58-0bc3b81561bb |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Северна Македонија“ бр. 245/22, 4/23 и 97/24)“ и наместо повикување на „Класификација на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба)“ треба да стои повикување на „Уредба за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области)“ *(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/24)“

По направената корекција, врз основа на член 97 од Законот за општа управна постапка*(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на 40-та седница, одржана на 7.10.2025 година, со Решение бр. 08-77/13 од 14.10.2025 година, изврши исправка на Решението бр. 08-77/11 од 5.9.2025 година.

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21, 58/24 и 124/25), решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб-страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2026.02.26 11:33:38 +01:00

Подготвил: Љубомир Кукоски, 24.02.2026
Проверил: Никола Пасков, 24.02.2026
Контролирал: Стојанчо Радичевски, 24.02.2026
Согласен: Зоран Брњарчевски, 24.02.2026

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2026.02.25 13:17:31 +01:00

| | |
|---|---|
| Институција | Влада на Република Северна Македонија |
| Датум/Време | 24.02.2026 19:28 |
| Верификација | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=ca21d35f-4437-46f5-baa9-9c5766161a8a&materialId=e46d8e07-09ee-437b-9c58-0bc3b81561bb |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*